Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-32/3
21.06.2023, Скопје

За потребите на програмата „Пристап до правда за сите", финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021, врз основа на Договорот за грант меѓу ЕУ и Институтот за човекови права бр. IPA III/2022/441-136 од 22.12.2022 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 8/2023
за ангажирање на експерти за изработка на онлајн курс за недискриминација

1. Институтот за човекови права, во рамките на програмата „Пристап до правда за сите" (финансирана од Европската Унија во рамки на ИПА III програмата за граѓанско општество и медиуми 2021), има потреба од **набавка на двајца експерти за изработка на онлајн курс за недискриминација**, која ќе биде неопходна за успешно реализирање на програмските активности.

2. Опис на услугата:
   - Изработка на поглавја и лекции за курсот и
   - Изготвување на прашања за секое поглавје на курсевите (со понудени одговори).

   Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 8/2023.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)
   Услугата треба да се испорача во јули 2023 година.

4. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на активностите и резултатите наведени во проектната задача 8/2023.

5. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана. Понудата треба да содржи квалитативна и финансиска понуда.

Квалитативниот дел на понудата треба да се состои од:
- CV со фокус на потребната квалификација и искуство.

Финансискиот дел од понудата треба да биде во следниот формат:

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина (во денови)	Цена во бруто износ
1.	Драфт верзија со утврдени поглавја и лекции	3	
2.	Финална верзија со прашања и примери	6	
ВКУПНО		9	

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **01.07.2023 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **28.06.2023 година**.



Весна Стефановска
Институт за човекови права